Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 187/0306
22.09 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29.08.2023 година, врз основа на примена жалба од Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ за Off.net.mk, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Текстот со наслов „Офтики на новото време“ објавен на интернет порталот Off.net.mk на 05.08.2023 година, отстапува од професионалните и етички стандарди утврдени во членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија и Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 05.08.2023 година од Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ пристигна жалба за содржина со наслов „Офтики на новото време“, објавена на 05.08.2023 на порталот Off.net.mk.

КВИР Центарот се жали за тоа дека медиумот на својот веб сајт споделил лажна информација од лицето Златко Бучковски кое и претходно ширело омраза во јавноста кон претставниците на оваа граѓанска организација. Станува збор за пренесен статус во кој тој објавува дека бил повикан во МВР, по пријавата поднесена од КВИР Центарот, а поврзана со неговиот претходно објавен коментар на социјална мрежа, во кој грубо ги напаѓа претставниците на оваа граѓанска организација. Според нив, тој во јавноста грубо ги напаѓа обраќајќи им се со зборовите: „*Се ближи крајот на оваа власт што ви дава моќ и ви чува грб. После тоа, друга песна ќе пеете*.“ Во жалбата се наведува и дека со ширењето вакви дезинформации медиумите и самите придонесуваат за засилување на нападите кон здружението, кое е подолго време „...под удар на антиродовите движена и политичките партии.“

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, побара од Off.net.mk да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Во одговорот доставен до Советот за етика на 18.08.2023, медиумот не се изјаснува подетално за наводите од жалбата, туку само наведува: „Нашиот медиум по содржина е чист“.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби со мнозинство гласови утврди дека жалбата е основана и одлучи дека во текстот е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија и Насоките за етичко известување на онлајн медиумите. Комисијата не утврди прекршување на членот 10 од Кодексот, кој се однесува на пренесување содржини си говор на омраза и дискриминација.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата одржана на 29 август 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина. Најпрво, заклучија дека не можат и немаат право да ја утврдуваат вистинитоста на фактите наведени во неа, а кои се во надлежност на обвинителствата, МВР и судовите. Надлежност на Комисијата е единствено да утврдува дали се почитуваат етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Комисијата заклучи дека оспорената содржина не се потпира врз објективна и проверена информација, односно не претставува новинарски производ изработен според професионалните новинарски стандарди. Порталот Off.net.mk само пренесува, поточно цитира статус од содржина објавена на социјалната мрежа Фејсбук. Новинарската интервенција во пренесениот текст се состои само од двата додадени наслови. Но, дури и тогаш кога целосно пренесува туѓ статус или изјава, медиумот не може да биде изземен од одговорност, особено кога со тој статус или текст се напаѓа некој поединец или група. Со фактот што пренесениот статус го претставува гледиштето само на поединецот кој се заканува и напаѓа, а на организацијата КВИР Центар не ѝ се дава можност да одговори и да се одбрани, медиумот прави прекршување на принципот на сеопфатно и избалансирано известување што е утврден во членот 1 на Кодексот на новинарите на Македонија и подетално разработен во Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.

Став на мнозинството членови на Комисијата е дека медиумите се одговорни и за пренесување на текстови од други медиуми или на искажаното од поединци на социјалните мрежи, затоа што со нивното објавување, таквите содржини добиваат јавност. Вака пренесената содржина е еднострана и лесно може да доведе до јавно „жигосување“ и негативно да се одрази врз работењето на организацијата КВИР Центар и врз заштитата на човековите права на ранливите групи кои ги застапува ова граѓанско здружение.

Оттука, членовите на Комисијата најдоа дека интернет порталот Off.net.mk го прекршил членот 1 од Кодексот на новинарите и одредбата 1.6 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.

*Член 1*
*Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.*

*1.6. При користењето информации добиени од социјалните мрежи, од веб-страници, блогови или други извори на интернет, онлајн медиумите внимателно ќе ја проверат нивната веродостојност и кредибилност.*

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Се обврзува интернет – порталот Off.net.mk во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595